Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

| Примено: | 02.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 129 0300 | | |

02.04.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 март 2018 година, врз основа на примени жалби од група граѓани, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Весникот „Слободен печат“ со фотографијата и насловот „Вмровците ги покажаа забите“ го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 10 и 11.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, во периодот од 15 до 20 март 2018 година, Владимир Трајановски, Гоце Трпковски, Кристина Димитрова, Симона Симова и Мајда Јошевска поднесоа жалби за фотографијата и насловот „Вмровците ги покажаа забите", објавени на 15 март 2018 година, на насловната страница на дневниот весник „Слободен печат" (www.slobodenpecat.mk).

Во петте жалби се наведува дека фотографијата и насловот содржат говор на омраза, дискриминација, нерамноправност на половите, непочитување на личната приватност, пристрасност во информирањето, исмевање на здравствена состојба, навреда и клевета.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбите, стапи во контакт со весникот „Слободен печат" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбите. Главниот и одговорен уредник на „Слободен печат", Бранко Героски, одговори на наводите на жалителите.

Тој ги отфрла жалбите како неосновани и образложува дека весникот на насловната страница испраќа метафорична порака и оти преку неа се подбива со ставовите на партијата ВМРО-ДПМНЕ, а не со госпоѓата прикажана на фотографијата.

Од „Слободен печат" наведуваат и дека, по едностраните критики и напади врз редакцијата, во својот број објавен на 17-18 март, весникот им се извинил на тие што евентуално се почувствувале вознемирени, односно погодени.

*„Доколку споменатата личност од фотографијата или некој друг, се почувствувал вознемирен од насловната страница, без оглед што за тоа не постојат објективни причини, редакцијата се извинува и ги повикува читателите уште еднаш да ги прочитаат и да размислат за аргументите посочени во одговорот, објавен на 16.03.2018 година"*, се вели во извинувањето, објавено на 17-18 март во „Слободен печат".

Покрај образложението, во одговорот на жалбата од весникот приложија и неколку фотографии од претходни протести. Според весникот, ликовите прикажани на овие фотографии, и покрај тоа што имале многу сличности со спорната фотографија, сепак, не предизвикале реакции.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10 и 11.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 11:*** *„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 март 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека фотографијата на насловната страница на „Слободен печат“, иако можеби има метафоричен карактер, сепак излегува од рамките на слободата на изразување, а со тоа и на етичкото и професионално известување.

Границата помеѓу слободата на говорот и говорот на омраза е тенка и затоа обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација.

Комисијата оцени дека со фотографијата и насловот „Врмовците ги покажаа забите“, медиумот тенденциозно се обидел да ја прикаже учесничката на протестот низ призма на нејзиниот физички изглед и социјален статус. Со тоа, според Комисијата, новинарскиот производ добил елементи со дискриминаторска конотација.

Оттука, членовите на Комисијата утврдија дека весникот „Слободен печат“ го прекршил членот 11 од Кодексот на новинарите, во кој, меѓу другото се вели дека новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да

зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток физичкиот изглед или социјалниот статус.

Во продолжение, Комисијата најде дека е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите, според кој, медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

На крајот, Комисијата ја зеде предвид и ја поздравува одлуката на весникот да објави извинување, со што медиумот го заштитил сопствениот интегритет и покажал чувство на морална одговорност.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува весникот „Слободен печат“ (www.slobodenpecat.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595